Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
- Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore -

**Архивски број:** 04-4451/10
**Датум:** 10-07-2026

**Врз основа на член 11 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:**

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 02/2026

1. Административниот службеник **Даниела Божиноска** се избира за извршител на работните задачи за работното место:
УПР0101Б02000 Раководител на сектор за пензиско и инвалидско осигурување
2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 ќе се изврши по конечноста на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 23.06.2026 година објавен е интерен оглас бр.02/2026 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за социјална заштита, 1 (еден) извршител
2. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за внатрешна ревизија, 1 (еден) извршител
3. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за пензиско и инвалидско осигурување, 1 (еден) извршител
4. УПР0101Б01000 Државен советник за имплементација на меѓународни и национални политики за инклузија на малцинствата, 1 (еден) извршител


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

5. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за следење и унапредување на системот за проценка, Сектор за проценка и утврдување на попреченост, 1 (еден) извршител

6. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација, Сектор за еднакви можности, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-4451/4 од 06.07.2026 година, спроведе административна селекција и интервју со кандидатите и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-4451/6 од 10.07.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-4451/7 од 10.07.2026 година, подготви финална ранг листа за секое работно место и предлог одлука за избор до Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска